КОЊЧЕ **11.5.2020**

**Обој го цртежот и испеј ја песната!**

КОЊЧЕ

Имам дома коњче сиво,
многу итро, брзо, живо.
Сега му е лето скоро,
брза, трча, скока горо.

Секој ден му давам
зоб, зоб, зоб,
тоа трча тропа, тропа,
тропа, троп,
тоа трча, тропа, троп,
троп, троп.

Ако нешто тоа нејќе,
јас му давам коцка шеќер,
утре седло ќе му ставам,
и низ дворот ќе го јавам.

Секој ден му давам
зоб, зоб, зоб,
тоа трча, тропа, тропа,
тропа, троп.
тоа трча, тропа, троп,
троп, троп.



Коњот е голем копнен цицач кој се одликува со брзина, сила и издржливост. Влијанието на коњите врз човечката историја ги прави едни од најважните домашни животни. Коњите им служеле на луѓето во земјоделството, војните и спортот. Коњот е опеан во многу народни песни.

Напиши стихови од народни песни во кои е опеан коњот:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

име и презиме_______________________________________________